Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 60, став 2 и став 3 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата XXI седница одржана на 12.02.2010 година донесе

**ОДЛУКА**
**за начин и време на поднесување на барање**
**за поништување на трансакција**

1. Членка на Берзата може да поднесе барање до Берзата за поништување на трансакција најдоцна до официјализирање на денот на тргување во кој е склучена трансакцијата.

2. Барањето за поништување на трансакцијата до Берзата се поднесува по електронски пат, согласно апликативните решенија на системот за тргување на Берзата.

3. Освен барањето за поништување на трансакцијата, членката е должна до Берзата да ја достави документацијата наведена во член 60 од Правилата за тргување, врз основа на која се докажува грешката направена при склучување на трансакцијата чие поништување се бара.

4. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, членките и архивата на Берзата.

5. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува со денот на отпочнување на примената на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје за кои е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.УП1 08-5 од 07.12.2009 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**